РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-220/6
05-11-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-3208/1 од 24.12.2024 година, оформен против лицата -------, судија во Основен кривичен суд – ------, ----------, судија во Основен кривичен суд – ----- и ---------, основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство ---------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека во врска со наводите од пријавата постапуваат надлежни органи, поради што нема елементи за надлежно постапување и покренување на постапка за утврдување судир на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр.09-3208/1 од 24.12.2024 година е оформен по доставена пријава од познат подносител, со наводи за коруптивни дејствија и постоење на судир на интереси помеѓу судии и обвинители, како и влијание помеѓу истите при носење на судски и обвинителски одлуки.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата се наведува дека пред Основниот кривичен суд во Скопје се водела постапка за предмет КОК 164/21 познат како случај "Софтвери" во кој како странка во постапката бил и пријавителот. На страна на обвинението била јавниот обвинител ----- , а како судии членови на судечки совет - судиите ----- --- и -----. Во продолжение пријавителот наведува дека стекнал сознанија за меѓусебно влијание помеѓу судиите и обвинителот и обратно, како и влијание на судиите врз обвинителите за друг предмет кој не е поврзан со предметот за кој се водела постапката.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара информација од Советот на јавните обвинители на РСМ дали пред Советот се води постапка во врска со постапувањето на јавниот обвинител -------- во горенаведениот предмет и доколку се води, да се достави информација за статусот или исходот од истата. Советот на јавните обвинители на РСМ ја извести ДКСК дека е оформен предмет за ----, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за ------- - и дека се постапува по истиот.
Понатаму, ДКСК побара од Судскиот совет на РСМ да достави информација за тоа дали пред Судскиот совет на РСМ се води постапка во врска со постапувањето на судиите ---------- и ---------- во горенаведениот предмет и побара да се достави информација во однос на постапката.

Од Судскиот совет на РСМ до ДКСК доставено е известување дека до Судскиот совет на РСМ на 07.11.2024 година од страна на ----- од Скопје е доставено барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност само на судијата ------ од Основен кривичен суд Скопје во врска со предметот ----, додека судијата ---- само била наведена во барањето но истото не било насочено кон неа. Исто така во писмениот допис ја известуваат ДКСК дека постапката по поднесеното барање против судијата е во тек и сè уште не била донесена одлука за истото.
Соглано член 36 од Законот за Судскиот совет на РСМ во надлежност на Судскиот совет на РСМ е да ја следи и оценува работата на судиите, да одлучува за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, одлучува за одземање на имунитет на судија и друго.

Согласно член 9 став 1 алинеја 7 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, во надлежност на Советот е да постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека за наводите од пријавата во однос на постапувањето на јавниот обвинител и судиите во посочениот предмет постапуваат надлежни органи, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и поведување на постапка за утврдување на постоење на состојба на судир на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. - член